**Број 17 Година XIV**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, октомври 2020**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје бр.11-6037/3 од 15.10.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6173/1**
**Датум: 16.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-6037/3
Датум: 15.10.2020
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), а во согласност со член 118, став 4 и став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/20 и бр.229/20), како и врз основа на член 3-в, став 1 и став 2 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба од 05.05.2020 година, Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје**

1**.** Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на **МИРЈАНА АЛЕКСОВА**, на основно општинско училиште „Христија Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје, поради истек на времето за кое што е именувана .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Христијан Тодоровски Карпош и
- Архивата

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за избор на директор во општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ – Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за избор на директор на општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ – Општина Карпош, Скопје бр.11-6037/2 од 15.10.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6173/2**
**Датум: 16.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-6037/2
Датум: 13.10.2020
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), а во согласност со член 109 став 6 и став 7 и член 115 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/20 и бр.229/20), постапувајжи по предлогот за избор на директор на Училишниот одбор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“- Скопје број 04-468/1 од 08.10.2020 година, Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор во општинското основно училиште**
**„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ Општина Карпош, Скопје**

1. Лицето Мирјана Алексова од Скопје , СЕ ИЗБИРА за директор на општинско основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 13.10.2020 година.

2. Бруто износот на плата на директорот на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Скопје ќе биде утврден со посебно решение донесено од страна на училиштето, согласно важечките законски прописи.

3. По истекот на мандатот, именуваната од точка 1 на ова Решение, има право да се врати на работа во училиштето каде работела пред да биде избрана за стручна подготовка во рок од 15 (петнаесет) дена по престанокот на функцијата директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен гласник на Општина Карпош“.

5. Со донесување на ова Решение, престанува даважи Решението број 11-2723/1 од 14.05.2020 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Училишниот одбор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 08.10.2020 година достави писмен допис Предлог за избор на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ со предлог Записник од одржана седница на Училишниот одбор број 04-468/1 од 08.10.2020 година.

Од доставениот предлог за избор на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје, Записникот од одржаниот состанок на Училишниот одбор при ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Скопје на ден 07.10.2020 година за спроведување на постапка за избор на директор бр. 03-303/2 од 27.12.2018 година (арх. Бр. 11-10463/1 од 28.12.2018 година) во присуство на претставник на Бирото за развој на

образованието, се констатира дека единствениот пријавен кандидат на Огласот за избор на директор на училиштето, Мирјана Алексова едногласно ги добила сите 8 гласови од присутните членови поради што истата од страна на Училишниот одбор беше предложена за кандидат за директор на училиштето.

Предвид наведеното, а согласно член 50 од Законот за локална самоуправа и член 132 став 1 од Законот за основното образование, се одлучи како во диспозитивот на ова решение, односно лицето Мирјана Алексова од Скопје, да се избере за директор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош, Скопје.

Со оглед дека поради предвремен престанок на мандатот на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Опптина Карпош – Скопје, до завршување на постапката за избор на директор на училиштето, во истото беше именуван вршител на должноста – директор, со донесување на ова Решение, престана да важи Решението за именување вршител на должноста на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје број 11-8471/5 од 29.10.2018 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Кандидатите кои не се избрани имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на прием на оваа одлука.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стефан Богоев, с.р.

Изготвил: Емилија Арсовска
Проверил: Стојан Алексов

Доставено до
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Христијан Тодоровски Карпош и
- Архивата

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување и**

**2. Решение за избор на директор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување.**

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**